**Преземено од репортажи за Скопје**

Како што одминувало времето така и скопјани ја имале можноста да бидат уживатели на луксузни и потребни превозни и сообраќајни средства, започнувајќи од пајтонот, кој им бил достапен прво на најбогатите скопски семејста, потоа и на патниците, шпедитерските коли, железничкиот сообраќај, автомобилите, па авио сообраќајот.... Скопје, низ времето и секогаш во трендот на возилата...

**(Втор Дел)**

## Железнички сообраќај

Железничкиот сообраќај многу одамна бил воведен во земјата. Првата железничка линија Солун-Скопје-Митровица, во должина од 243 км, била пуштена во август 1873 год. Значењето на железничката линија било огромно, пред сé заради редовноста на транспортот, можноста за транспортирање на големи количества стока, намалувањето на цените на транспортните услуги, поголемата безбедност и независноста од временските прилики. Пред пробивот на Солунскиот фронт, на Македонија í припаѓале овие линии: Гевгелија-Велес-Скопје; Скопје-Куманово-Табановце; Скопје-Волково-Генерал Јанковиќ и тесолинејката Скопје-Охрид.






Гара Скопие - Skopie